Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 мај 2007 година.

Бр. 07-2246/1
18 мај 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 1

Во Законот за матичната евиденција ("Службен весник на Република Македонија" број 8/95 и 38/2002), насловот на Главата VI се менува и гласи: "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

Член 2

Во членот 31 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на јавната здравствена установа ако:".

Во ставот 2 зборовите: "ќе се казни со парична казна од една третина до две плати и" се заменуваат со зборовите: "ќе му се изрече глоба во износ од 200 до 490 евра во денарска противвредност и на".

Член 3

Во членот 32 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 30 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако:".

Во ставот 2 зборовите: "Со парична казна од една третина до две плати ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 200 до 490 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на".

Член 4

По членот 32 се додава нов член 32-а, кој гласи:

“Член 32-а

За прекршоците предвидени со одредбите од членовите 31 став 2 и 32 на овој закон, прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја.”

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.